# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

**Службен весник на РМ, бр. 87 од 15.07.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005 и 25/2007), во членот 29 став (6) зборовите: „заверена кај нотар" се бришат.

**Член 2**

Во членот 32 став (4) бројот „(1)" се брише.

**Член 3**

Членот 84 се менува и гласи:

"(1) Уписите во трговскиот регистар се вршат во писмена форма или во електронска форма и трговскиот регистар се води во писмена форма и во електронска форма.

(2) Поднесувањето на сите или на некои од податоците што се запишуваат во трговскиот регистар, по избор на овластениот подносител може да се врши и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем, во согласност со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем."

**Член 4**

Во член 85 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Сите или некои од податоците кои се запишани во трговскиот регистар, по избор на подносителот на барањето, можат да му бидат издавани и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем во согласност со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем."

**Член 5**

Во членот 115 став (2) точката 5 се менува и гласи:

„5) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка да биде основач на јавното друштво во согласност со членот 29 од овој закон и".

**Член 6**

Во член 153 став (3) точката 4 се менува и гласи:

„4) изјава од застапникот по закон, односно изјава од физичко лице дека не постои пречка да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон;".

**Член 7**

Во членот 183 став (1) точка 1 зборовите: „заверени од нотар" се бришат.

Во точката 5 зборовите: „-заверена кај нотар" се бришат.

Точката 11 се менува и гласи:

„11) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и".

**Член 8**

Во членот 239 ставот (2) се менува и гласи:
„Ако управителот, содружник, член на надзорниот одбор, односно контролорот дојде до сознанија дека е исполнет некој од условите од ставот (1) на овој член, за тоа веднаш мора да го извести собирот на содружниците, надзорниот одбор, односно контролорот и да ги приложи сите материјални докази кои се однесуваат на природата и обемот на тој интерес. Управителот, членот на надзорниот одбор, односно контролорот има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата деловна активност, ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението од членот 460 на овој закон."

**Член 9**

Во членот 298 став (3) точката 10 се менува и гласи:
„(10) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и".

**Член 10**

Во членот 316 став (3) точката 9 се менува и гласи:
„(9) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и".

**Член 11**

Во членот 320 став (5) зборот „осум" се заменува со зборот „три".

**Член 12**

Во членот 384 ставот (7) се менува и гласи:
„Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средствата на друштвото, политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и политиката на управување со ризикот, големите зделки и зделките со заинтересирана страна со прикажани податоци за висината на износот на трансакциите кои се извршени врз основа на зделка со заинтересирана страна и начинот и постапката во која била одобрена зделката со заинтересирана страна, име, презиме и адреса на заинтересираната страна ако е физичко лице, или назив и седиште ако заинтересираната страна е правно лице, како и средствата на друштвото чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување, изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат, активностите во сферата на истражувањето и развојот, како и информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции, во зависност од релевантните околности. Во годишниот извештај на друштвото се објавуваат и примањата на секој извршен член на одборот на

директори и на член на управниот одбор (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), односно надоместокот на неизвршните членови на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор."

**Член 13**

Во членот 386 ставот (4) се менува и гласи:
"Собранието чиешто свикување ќе биде наложено со одлука од ставот (2) на овој член се свикува најдоцна во рок од осум дена од денот на доставувањето на донесената одлука на судот со која се наложува свикување на собранието до лицето определено од страна на судот кое ќе го свика собранието."

**Член 14**

По членот 421 се додаваат два нови наслови и два нови члена 421-а и 421-б, кои гласат:

„ Право на првенство за запишување
новоиздадени акции и други хартии од вредност

Член 421-а

(1) При зголемување на основната главнина, акционерите имаат право на првенство за запишување на новоиздадените акции сразмерно на учеството на нивните акции во основната главнина на друштвото, без разлика на тоа дали новоиздадените акции се продаваат преку банка или преку друга финансиска организација.
(2) Правото на првенство за запишување на новоиздадени акции се применуваат и на издавањето на другите видови хартии од вредност кои можат да се конвертираат во акции или во кои е содржано правото за запишување на акции, но не се применува и на конверзијата на тие хартии од вредност, ниту пак на извршувањето на правото на запишување.

Исклучување и ограничување на правото на
првенство при запишување новоиздадени акции

Член 421-б

(1) Правото на првенство за запишување новоиздадени акции може, пред запишувањето на акциите, да биде целосно или делумно исклучено само со одлуката за зголемување на основната главнина, во согласност со статутот, којашто мора да биде објавена на начинот на којшто се објавува свикувањето на собранието.
(2) Собранието може да одлучува за исклучување на правото на првенство при запишувањето новоиздадени акции само врз основа на извештај, во писмена форма, на органот на управување во којшто се наведуваат причините за ограничувањето или за исклучувањето на правото на првенство за запишување и во којшто мора да се образложи цената на издавањето на акциите. Одлуката од ставот (1) на овој член се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под три четвртини од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за донесување на одлуката."

**Член 15**

Членот 429 се менува и гласи:
„(1) Органот на управување, по добивањето одобрение од Комисијата за хартии од вредност за издавање акции, според одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, објавува повик до акционерите. Повикот се објавува во

"Службен весник на Република Македонија", најмалку во два дневни весника што излегуваат на целата територија на Република Македонија и на веб страницата на друштвото. Во повикот акционерите се известуваат, во рок не покус од 15 дена од денот на објавувањето на повикот, да го запишат оној дел од новоиздадените акции кој одговара на учеството на нивните акции во основната главнина пред нејзиното зголемување, односно да го искористат правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, освен ако со одлуката за зголемување на основната главнина со влогови акционерите од ова право не се откажале.
(2) Органот на управување, истовремено, писмено го информира секој акционер за износот на издадените акции, за бројот на акциите којшто одговара на учеството на неговите акции во основната главнина и за рокот од ставот (1) на овој член во којшто акционерот може да ги запише новите акции.
(3) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член во кој акционерите можат да го искористат правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, право на запишување на новоиздадените акции имаат и други лица во рок што не е покус од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (1) на овој член и тоа под еднакви услови кои важеле за акционерите кои имале право на првенство за запишување на новоиздадените акции во поглед на цената по која акциите им биле понудени и начинот на плаќање на новоиздадените акции."

**Член 16**

По членот 429 се додава нов наслов и нов член 429-а, кои гласат:

„ Право на првенство на запишување акции
на постоен акционер

429-а

Во рок што не може да биде покус од 15 дена, секој акционер има право, со писмена изјава, да го запише оној дел од новите акции којшто одговара на учеството на неговите акции во основната главнина пред нејзиното зголемување."

**Член 17**

Во членот 434 став (7) и членот 437 став (5) бројот „430" се заменува со бројот „429-а".

**Член 18**

По членот 437 се додава нов наслов и нов член 437-а, кои гласат:

„Овластување за одлучување за исклучување на правото на првенство
за запишување на новите акции

Член 437-а

"Со овластувањето од членот 436 став (1) на овој закон, одборот на директори, односно надзорниот одбор може да се овласти да одлучува за исклучување на правото на првенство за запишување на новите акции, кое мора да биде дадено со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под три четвртини од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Одлуката за исклучување на правото на првенство се донесува со согласност на мнозинството неизвршни членови на одборот на директори, односно на мнозинството членови на надзорниот одбор. Овие членови се обврзани на наредното годишно собрание да поднесат писмен извештај во којшто ќе ги наведат причините за исклучување на правото на првенство за запишување на новите акции."

**Член 19**

Во членот 455 ставот (1) се менува и гласи:

„За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или отуѓување или на можно отуѓување, директно или индиректно на имотот на друштвото, чија што вредност изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото, со исклучок на зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на друштвото и зделки поврзани со стекнување на конвертибилни обврзници. Во статутот можат да бидат определени и други зделки на кои ќе се применува постапката на одобрување на големи зделки, на начинот определен со овој закон.‟

**Член 20**

Во членот 460 ставот (2) се менува и гласи:

„Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на одборот на директори, односно членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на одборот на директори, односно на надзорниот одбор определен во статутот, таквата зделка ја одобрува собранието.‟

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи: „Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа, ако:”.

Ставот (5) се брише.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

Ставот (8) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Секоја заинтересирана страна е одговорна кон друштвото, акционерите и кон другите членови на органот на управување, односно надзорниот одбор или управителот, за штетите што им ги предизвикала доколку во рок од три години од денот кога е одобрена зделката со заинтересираната страна се утврди дека е штетна за трговското друштво, акционерите или за членовите на органот на управување, односно надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако повеќе заинтересирани страни се одговорни, нивната одговорност е солидарна.‟

**Член 21**

Во членот 469 ставот (2) се менува и гласи:

„Секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци, имаат обврска да подготвуваат и да поднесуваат финансиски извештаи во согласност со усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во ,,Службен весник на Република Македонија”. Меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди.‟

Ставот (3) се менува и гласи:

„Другите трговци можат да подготвуваат и поднесуваат и финансиски извештаи во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните

стандарди за финансиско известување од ставот (2) на овој член, ако е тоа определено со закон или со друг пропис во согласност со закон, како и кога за тоа сами ќе се определат.‟
По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:
„(7) Министерот за финансии поблиску ги пропишува начинот и условите за поднесување на годишна сметка во електронска форма.‟

**Член 22**

Во членот 476 став (4), членот 478 став (2) точки 1 и 2, членот 481 став (1) и членот 504 став (3) по зборовите: „меѓународните сметководствени стандарди‟ се додаваат зборовите: „и меѓународните стандарди за финансиско известување‟.

**Член 23**

Во членот 484 ставот (2) се менува и гласи:
„Покривањето на загубите се врши редоследно од следните извори кои се наведуваат во одлуката за покривање на загубата, и тоа:
1) акумулирана добивка;
2) на товар на задолжителната општа резерва;
3) на товар на посебните резерви за покривање загуби;
4) премии и
5) на товар на основната главнина, со нејзино намалување.„

**Член 24**

Во членот 539 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:
‟(1) Ликвидацијата на јавно трговско друштво ја спроведуваат сите содружници како ликвидатори, а на командитно друштво и на командитно друштво со акции сите комплементари, ако со спогодба содружниците не им ја довериле на одделни содружници. Двајца или повеќе наследници на починат содружник се должни да постават заеднички застапник.
(2) Ликвидацијата на друштво со ограничена одговорност и на акционерско друштво ја спроведуваат членовите на органот на управување, односно управителот на друштвото, во својство на ликвидатори.„

**Член 25**

По членот 542 се додава нов наслов и нов член 542-а, кои гласат:

„Одговорност на ликвидаторот

Член 542-а

(1) Ликвидаторот е одговорен со сиот свој имот за штетата која ќе им ја причини на доверителите во текот на постапката за ликвидација. Доколку се именувани повеќе ликвидатори за причинетата штета тие одговараат солидарно. Ликвидаторот нема да одговара за штета кога на доверител не му е исплатено побарувањето кое го пријавил по истекот на рокот за пријавување на побарувањата од членот 544 на овој закон, а за тоа ликвидаторот не знаел ниту пак можел да знае.
(2) За штетата која ликвидаторот им ја причинил на акционерите или содружниците се применуваат прописите за одговорност за штета.
(3) Барање за надомест на штета до судот против лицето кое било ликвидатор, може да се поднесе во рок од една година по бришењето на друштвото од трговскиот регистар.
(4) Правните дејства кои се преземени во постапката на ликвидација не можат да се оспоруваат по бришењето на трговското друштво од трговскиот регистар.„

**Член 26**

Членот 544 се менува и гласи:

„Ликвидаторот, по уписот во трговскиот регистар, без одлагање и во интервал не пократок од седум дена, а не подолг од 15 дена од уписот во трговскиот регистар, објавува дека друштвото е во ликвидација. Објавата се врши на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија. Со објавата се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од денот на објавата на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија. Познатите доверители се известуваат поединечно и во писмена форма за ликвидацијата."

**Член 27**

По членот 545 се додаваат три нови наслови и три нови члена 545-а, 545-б и 545-в, кои гласат:

„Впаричување на имотот на друштвото

Член 545-а

Начинот на впаричувањето на имотот на друштвото во ликвидација го пропишува министерот за економија.

Запирање на постапката за ликвидација и поднесување предлог за отворање стечајна постапка

Член 545-б

Доколку ликвидаторот врз основа на пријавените побарувања на доверителите утврди дека имотот на друштвото во ликвидација не е доволен за намирување на обврските кон сите доверители во целост заедно со каматата, ликвидаторот е должен веднаш да ја запре постапката за ликвидација и да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

Бришење на трговското друштво поради непријавени побарувања од доверителите

Член 545-в

Доколку ликвидаторот по истекот на рокот за пријава на побарувањата утврди дека нема пријавени побарувања на доверителите, ликвидаторот е должен во рок од седум дена да поднесе пријава за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар."

**Член 28**

Во членот 548 зборовите: „второто објавување" се заменуваат со зборот „објавувањето".

**Член 29**

Во членот 552 по зборот „ликвидатор" се додава зборот „веднаш".

**Член 30**

Министерот за финансии ќе го донесе прописот за начинот и условите за поднесување на годишна сметка во електронска форма во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Министерот за економија ќе го донесе прописот за начинот на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 31**

Правните лица, трговците-поединци и трговските друштва запишани во судскиот регистар, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не се усогласени со одредбите на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005 и 25/2007) и правните лица, трговците-поединци и трговските друштва кои се запишани во трговскиот регистар, а чиишто сметки не се пренесени во деловните банки и не се блокирани, се бришат од соодветниот регистар на начин и под услови определени со овој закон.

Постапката за бришење ја спроведува Централниот регистар на Република Македонија преку едношалтерскиот систем.

**Член 32**

Управата за јавни приходи, во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон, до Централниот регистар на Република Македонија ќе достави предлог за бришење од соодветниот регистар на правните лица, трговците-поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон и за истите ќе достави до Централниот регистар на Република Македонија преглед во електронска форма.

Централниот регистар на Република Македонија по внесувањето на податоците од доставениот преглед во својата база на податоци, објавува оглас на својата веб страница со кој се повикуваат нивните управители, органи на управување и доверители во рок од 30 дена да поднесат предлог за отворање на постапка за ликвидација или стечај над правните лица, трговците-поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон. За поднесените предлози за отворање на постапка за ликвидација или стечај, подносителите се должни да го известат Централниот регистар на Република Македонија во писмена форма.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, Централниот регистар на Република Македонија ќе ги избрише од соодветниот регистар сите правни лица, трговци поединци и трговски друштва за кои нема да бидат поднесени предлози за отворање на постапка за ликвидација или стечај.

Централниот регистар на Република Македонија на својата веб страница го објавува бришењето на правните лица, трговците-поединци и трговските друштва и истото во електронска пратка го испраќа до Управата за јавни приходи заради нивно бришење од базата на податоци на Управата за јавни приходи.

Средствата за спроведување на бришењето од страна на Централниот регистар на Република Македонија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

**Член 33**

По завршување на постапката за бришење, сите средства од сметките на избришаните правни лица се пренесуваат на трезорска сметка на Буџетот на Република Македонија.

**Член 34**

Правните лица, трговците - поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон чиишто сметки се блокирани и се водат во Управата за јавни приходи се бришат од соодветниот регистар по спроведена постапка за стечај согласно со Законот за стечај.

Управата за јавни приходи поднесува предлози за поведување стечајна постапка над правните лица, трговците поединци и трговските друштва согласно со одредбите од Законот за стечај, а средствата за авансирање на постапката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Доколку од имотот на правните лица, трговците-поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон, за кои се платени средства за авансирање на постапката за стечај од Управата за јавни приходи, не можат во целост да се

намират трошоците на постапката за стечај, се должни разликата да ја надоместат лично, солидарно и неограничено лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор над правните лица, трговците поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон во согласност со одредбите од Законот за стечај.

**Член 35**

Одредбите на членовите 14, 15, 16, 17, 18 и 19 од овој закон ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

**Член 36**

Одредбите на членовите 84 став (2) и 85 став (6) ќе се применуваат од денот кога Централниот регистар на Република Македонија ќе започне да го применува електронскиот потпис преку едношалтерскиот систем согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и прописите за едношалтерски систем.

**Член 37**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".